1) Истакнато известување за видот на здравствени услуги кои му се обезбедуваат на пациентот како осигуреник од средствата од задолжително здравствено осигурување, а кои се дејност на здравствената установа;

2) Истакнато известување за здравствените услуги кои не се обезбедуваат на товар на задолжителното здравствено осигурување, а во согласност со актот со кој се уредува содржината, обемот и стандардните права на здравствена заштита од задолжителното здравствено осигурување;

3) Истакнато известување за видот и износот на учеството на осигурените лица во трошоците на здравствената заштита, како и ослободувањето од плаќање на учеството;

4) Истакнат ценовник на здравствените услуги кои не се обезбедуваат од средствата од задолжително здравствено осигурување, а кои пациентите ги плаќаат од сопствени средства;

5) Поставување на кутии за забелешки и жалби од пациентите;

6) Истакнато име и презиме, односно број на канцеларии и работно време, лица задолжени за водење на постапките за приговори и жалби од пациентите (лица за заштита на права на пациентите);

7) Процент на решени жалби и приговори од пациентите во однос на вкупниот број на жалби и приговори;

8) Истакнат список на лекари кои можат да работат дополнителна дејност и нивното работно време;

9) Објавено истражување на задоволството на корисниците на услугите од здравствена заштита;

10) Направена анализа од спроведеното истражување за задоволството на корисниците на услугите од здравствената заштита и преземените мерки и активности за континуирано унапредување на квалитетот.

## VI ИНДИКАТОРИ ЗА ЗАДОВОЛСТВОТО НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЗДРАВСТВЕНАТА УСТАНОВА

Член 22

Задолжителни индикатори на задоволството на вработените во здравствената установа се:

1) Спроведено истражување на задоволството на вработените во здравствената установа;

2) Изработена анализа за спроведеното истражување на задоволството на вработените во здравствената установа и преземените мерки и активности за постојано унапредување на квалитетот.

Член 23

Унапредување на квалитетот на здравствената заштита во здравствените установи се следи од Комисијата за унапредување на квалитетот на работењето преку:

1) Постоење на план за постојано унапредување на квалитетот на работа на здравствените установи;

2) Број на активности на ниво на установата кои се преземаат со цел за постојано унапредување на квалитетот на работата

(се утврдува како апсолутен број на активности кои се превземаат во текот на годината со цел постојано унапредување на квалитетот на работа);

3) Број на внатрешни проверки на квалитетот на стручното работење (се утврдува како апсолутен број на внатрешни проверки на квалитетот на стручно работење во текот на целата година),

4) Извештај за работата на Комисијата за унапредување на квалитетот на работа.

## VII СТЕКНУВАЊЕ И НАДГРАДБА НА ЗНАЕЊЕТО И ВЕШТИНИТЕ

Член 24

Во задолжителните индикатори на квалитет кои се однесуваат на стекнување и надградба на знаењето и вештините на вработените се вбројуваат:

1) Постоење на план за едукација на сите вработени во здравствената установа;

2) Бројот на вработени, едукативни собири и семинари одржани во здравствената (се утврдува како вкупен број на вработени, едукативни собири и семинари одржани во здравствената установа во текот на периодот за кој се дава извештај);

3) Процентот на лица кои најмалку еднаш на трошок на установата следеле курс, семинар или пак учествувале на конгрес или стручен состанок од областа која е релевантна за нивната стручна работа.

(Се смета како број на лица кои најмалку еднаш на трошок на установата следеле курс, семинар или пак учествувале на конгрес или стручен состанок од областа која е релевантна за нивната стручна работа поделен со бројот на вработени и помножен со 100).

Член 25

Податоците за пресметување на индикаторите за квалитет кои се собираат од страна на здравствените установи за период од шест месеци се доставуваат до надлежниот Центар за јавно здравје во тек на еден месец по завршувањето на периодот на известување. Двата обработени полугодишни извештаи се доставуваат до Институтот за јавно здравје, а од страна на Институтот за јавно здравје се доставуваат обработените податоци на годишно ниво до Министерството за здравство најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 26

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2013 година.

Бр. 07- 4913/3
4 октомври 2012 година
Скопје

Министер за здравство,
**Никола Тодоров, с.р.**

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3112.**

Врз основа на член 47 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/07 и 136/11), министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за здравство, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА НА МЛАДИТЕ РАБОТНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат минималните барања за безбедноста и здравјето при работа на работниците во работен однос под осумнаесет годишна возраст (во натамошниот текст: млади работници).

Член 2

(1) За сите активности кои можат да вклучат специфичен ризик поврзан со изложеност на младиот работник на штетното дејство на физички, хемиски и биолошки агенси на работното место, работодавачот треба да:

- изврши проценка на ризиците на работното место за безбедноста и здравјето на младиот работник во однос на негативното влијание врз здравјето на физичките, хемиските и биолошките штетни фактори (штетности) и опасности на работното место што се поврзани со појава на болест и/или повреда на работа и нивните можни штетни влијанија врз младиот работник, при што посебно ќе се земаат во предвид опременоста и распоредот на работното место, природата и времетраењето на изложеноста на физичките, хемиските и биолошките фактори, видот, опсегот и начинот на користење на работните средства, постапките и организацијата на работата, нивото на стручната подготовка и обука на младиот работник,

- да ги утврди превентивните (превентивни здравствени прегледи) и корективните мерки што треба да се преземат и

- да ги информира младите работници и нивните претставници за резултатите од извршената проценка на ризикот и за превентивните мерки (превентивните здравствени прегледи - претходни, периодични и насочени) и тоа пред распоредувањето на работа, како и при секоја суштинска промена на работните услови.

(2) Покрај општите одредби за заштита на работниците кои се утврдени во правилниците кои се однесуваат на граничните вредности на изложување, листата на штетните фактори и работни услови на кои не треба да бидат изложени младите работници се дадени во Прилог бр.1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Доколку при проценката на ризикот на работното место се утврди постоење на ризик за здравјето на младиот работник што не може да се елиминира на друг начин, работодавачот ќе изврши промена на условите за работа или работното време.

(2) Доколку промената на условите за работа или работното време е технички и/или објективно неизводливо, работодавачот младиот работник ќе го распореди на друго соодветно работно место каде не постојат ризици за неговото здравје (или истите се минимални односно прифатливи).

(3) Доколку распоредувањето на друго работно место е технички и/или објективно неизводливо, работодавачот ќе го изземе работникот од нормалниот тек на работа за целиот период кој е потребен за заштита на неговото здравје и безбедност на работа.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-963/6
28 септември 2012 година
Скопје

Министер за труд и
социјална политика,
**Спиро Ристовски,** с.р.

Бр. 08-3822/6
1 октомври 2012 година
Скопје

Министер за здравство,
**Никола Тодоров,** с.р.

Прилог бр.1

Листата на штетни фактори и работни услови на кои не треба да бидат изложени младите работници

Младите работници не треба да бидат изложени на следните штетни фактори/агенси ниту да работат во следните услови:

1. Физички фактори :

а) При активности кои водат до изложеност на јонизирачко зрачење;

б) Хипербарична атмосфера (комори под притисок и подводно нуркање) кај која младите работници се изложени на зголемен атмосферски притисок за повеќе од 20 кПа во споредба со околниот атмосферски притисок (во атмосферски контејнери и при нуркање, или намален атмосферски притисок, како и значајно зголемување на притисокот во белите дробови);

2. Услови во работната средина

1. Подземни рударски работи или копање тунели и подземни окна;

2. Работи поврзани со зголемен напор за подвижните делови од телото, екстремитети и системи кои се надоврзуваат и функциите и движењата на организмот при подигање, пренесување на товар кој надминува дозволени тежински вредности[1] ;

3. Работа која се врши подолго од 4 часа во смена стоејќи без можност за промена на основната работна положба на торзо и и екстриметите во текот на смената;

4. Работа која се врши во физички напорни и несоодветни работни положби, како што е работа со длабоко наведнување, клечење, чучење, лежејќи во истегната положба, стоејќи на ножни прсти, со рацете над глава, при полусвртено торзо повеќе од 60°C (степени). Забраната не се однесува на работите кај кои наведените работни положби на телото и неговите делови се појавуваат ретко или краткорочно во текот на работната смена и се неопходни во рамките на стручната подготовка и подготовката за занимање и за професија, каде физички напорните и екстремните положби на телото се неделив дел од извршување на професијата (пр: уметничко танцување и артистика);

5. Работа на работни места со прекумерен напор/оптоварување поврзан со студ и топлина:

5.1. Каде временски мерена просечна температура во текот на смената измерена со глобус термометар надминува 28°C.

5.2. Работа во траење повеќе од четири часа во смена на работните места каде температурата од технолошки причини се одржува на вредност пониска од 5°C и вкупно во траење подолго од еден час за смена при температури пониски од -5°C. Работата во наведениот временски период мора да биде компензирана со ефективни заштитни мерки за обезбедување на физиолошка терморегулација на младиот работник, особено преку соодветна работна облека, адекватна температура во просториите за премин и одмор, во случај на потреба преку обезбедување на топли оброци и пијалоци.

5.3. Работа при менување на големи температурни разлики во работната средина ако ова менување се случува во интервалите пократки од 30 минути и ако не се

[1] Правилник за рачно товарење и истоварење на товар ("Службен весник на Република Македонија" бр. 135/07)

обезбедени ефективни резервни и дополнителни мерки кои овозможуваат физиолошка терморегулација на младите работници, особено соодветна работна облека, подесување на режимот на работа и одмор, режим на пиење на течности, адекватни температурно-влажни услови во просториите за премин и одмор.

5.4. Работа во средина со извори на топлина која зрачи врз младиот работник, каде интезитетот на зрачење на работното место при дејствувањето на топлина што зрачи на глава надминува 150 W/m3.

5.5. Работа во средината каде релативната влажноста на воздух надминува 80%.

5.6. Работа со концентрација на кислород во воздухот пониска од 20%.

5.7. На работните места со бучава каде се пречекоруваат/надминуваат дозволените вредности на бучавата, на работните места одредени со посебен пропис[2] . Ако извршувањето на ваквите работи е неоходно поради стручна обука и подготовка за професија, изложување на бучавата мора да биде временски ограничено на најниската можна мера и во исто време мора да се спроведуваат мерките за намалување на влијанието на факторите кои го зголемуваат негативниот ефект на вибрациите (на пр: студ, влажност или статички напор) и

5.8. На работно место со извори на нејонизирачко зрачење каде се пречекорени највисоките дозволени вредности на електромагнетското зрачење и електромагнетските полиња со фреквенциите 3000 GHz и пониски уредени со специјален пропис за граѓаните.

2. Биолошки фактори / агенси

Работите со штетни биолошки фактори / агенси и нивните влијанија се утврдени согласно класифицираните групи утврдени во посебен пропис за заштита на здравјето при работа со биолошките фактори [3].

3. Хемиски фактори / агенси

а) Работи со штетни хемиски фактори / агенси и нивните влијанија кои се однесуваат на работата со опасни хемиски материи/супстанции и опасни препарати класифицирани како токсични материи/супстанции и препарати (Т), особено токсична супстанции и препарати (Тх), паливи супстанции и препарати (С) и експлозивни материи и препарати (Е) наведени во посебен пропис[4] .

1. Олово и соединенија на олово/ доколку тие можат да бидат апсорбирани во човечкиот организам.

2. Опасни хемиски супстанции обележани со фразите на ризик R61 и опасни хемиски препарати кои може да предизвикуваат оштетување и R63 како штетни супстанции и препарати (Xn) наведени во посебен пропис обележани со еден или повеќе понатаму наведени обележја со специфичен ризик кои предупредуваат за нивните опасни карактеристики:

1. опасност од многу сериозни иреверзибилни ефекти, обележано како Р39

2. можност од канцероген ефект, обележано како Р40

3. може да предизвика оштетување при вдишување, обележано како Р42

4. може да предизвика оштетување при контакт со кожа, обележано како Р43

5. може да предизвика рак, обележано како Р45

6. може да предизвика генетско оштетување, обележано како Р46

7. опасност од сериозно нарушување на здравјето како последица на долгорочно изложување, обележано како Р48

8. може да наруши плодност, обележано како Р60 и

9. може да го загрози нероденото дете, обележано како Р61.

б) Хемиски супстанци и хемиски препарати класифицирани како надразнувачки супстанци и препарати (Хи) наведени во посебен пропис[5] и обележани со еден или повеќе понатаму наведени обележја за специфичен ризик кои предупредуваат за нивните опасни карактеристики:

1. особено запаливо, обележано како Р12

2. може да предизвика оштетување при вдишување, обележано како Р42

3. може да предизвика оштетување при контакт со кожа, обележано како Р43

в) Хемиски материи/супстанци и хемиски препарати класифицирани како канцерогени категории 1 и 2 наведени во посебен пропис[6]

г) со олово и неговите соединенија кои може да ги апсорбира човечкиот организам

д) со азбест

ѓ) при производство на хумани/човечки и ветеринарни лекарства и препарати ако не е исклучена можноста од продирање на биолошки ефективните супстанци кои ги содржат во значајна мера во организмот на работникот како и работи кај кои постои изложување на хемиски фактори со халуциногени и психотропни ефекти.

4. Работа на одредени ризични работни места

1. производство и ракување со уреди, огномети и други предмети кои содржат експлозиви

2. работа со криволочни или со отровни животни

3. колење на животни во индустријата

4. работа која вклучува ракување со опрема за производство, складирање и употреба на компримирани, течни или растворени гасови

5. работа со големи садови, цистерни, резервоари кои содржи корозивни течности, хемиските фактори наведени во точката 3 хемиски фактори

6. работа која вклучува опасност од структурален колапс

7. работа која вклучува опасност од висок електричен напон

8. работа чиешто темпо е определено според технолошкиот ритам и темпото на машините и се плаќа според остварените резултати (норма).

---

[2] Правилник за заштита од бучава на работно место ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/08)

[3] Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на биолошки агенси ("Службен весник на Република Македонија" бр.170/10)

[4] Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработените од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанции, објавен во („Службен весник на Република Македонија", бр.46/10).

[5] Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени со ризици поврзани со изложување на хемиски супстанции ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/10)

[6] Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени со ризици поврзани со изложување на канцерогени, мутагени и супстанции токсични за репродуктивниот систем ( "Службен весник на Република Македонија" бр.110/10)